**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје** | тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**
**Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup** | tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131** | **contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
**од 471 –та Итна седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

**Скопје, 2024 година**

Седницата се одржа на ден: 03.01.2024 година,  во 15:05 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Сашко Георгиев**, претседател;
- **Ханиф Зендели**, заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член;
- **м-р Антоанета Димовска** – член;
- **Ивица Николовски**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **Весна Дамева**, член;
- **м-р Селим Адеми**, член;
- **Павлина Црвенковска**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **Беса Адеми**, претседателка на Врховен суд *(уредно поканета)*;
- **Кренар Лога**, министер за правда *(уредно поканет)*.
- **Лорета Горгиева** – член
- **м-р Миљазим Мустафа** - член

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**,  генерален секретар;
- **Анита Андоноска,** државен советник;
- **Александра Шоптрајанова,** технички секретар

Седницата е отворена за јавноста и се констатира дека има присуство на медиумите и друга поширока јавност.

Ханиф Зендели – заменик претседателот на Советот откако констатира дека има потребен кворум за работа, го изложи предложениот Дневен ред и со оглед дека никој не се јави за збор, го стави на гласање предложениот Дневен ред. По гласањето констатира дека со 10 гласа -„За“, е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Констатирање на престанок на мандат на претседател на Судскиот совет на РСМ, по сопствено барање,
2. Постапување по одлука на Управен суд и
3. Разно.

**Точка 1 „ Констатирање на престанок на мандат на претседател на Судскиот совет на РСМ, по сопствено барање “.**

Ханиф Зендели – заменик претседател по однос на првата точка од Дневниот ред му даде збор на Сашко Георгиев претседател на Советот кој наведе дека во архивата на Судскиот совет поднел писмено барање во форма на оставка, поради што била закажана и оваа итна

седница. Наведе дека по разрешувањето на претходната претседателка на Судскиот совет Весна Дамева во месец април 2023 година, на наредна седница на 04.05.2023 година, бил предложен и избран за претседател на Судскиот совет. Наведе дека бил во голема дилема дали да ја прифати оваа функција бидејќи во тој период Судскиот совет имал исклучително специфична ситуација кога имало нарушени меѓучовечки односи, а од друга страна побарал од сите членови на Советот дека ќе го прифати предизвикот доколку сите заедно, сплотени и посветено максимално се обидат да постигнат резултати во работењето на Советот. За овој период сметано од мај месец, па до денес за прилично краток период наведе дека сите заедно успеале да изберат 30 судии академци, кои што ја завршиле Академијата за судии и јавни обвинители, а потоа ги избрале и судиите на Апелациониот суд Скопје кој процес траел повеќе од две години, а воедно ја зголемиле и транспарентноста во работењето на Советот, како и дека многу други состојби и ситуации ги надминале и решиле и посигнале сите заедно солидни резултати. Го истакна амбиентот и условите во кои што сите заедно работеле, каде што биле изложени и се уште биле изложени на исклучително големи критики во однос на работењето и функционирањето на Судскиот совет. Истакна дека во месец септември имале присуство од експерти на ЕУ кои извршиле Оценска мисија во делот на работењето на Судскиот совет и непосредно пред новогодишните празници го добиле и Извештајот кој бил разгледан на колегиум, а каде биле детектирани некои состојби, како препораки за надминување на овие работи ,а голем дел од препораките биле детектирани и во самите законски решенија како предлог решенија за измена во идно време. Во овој период наведе дека дал многу од себе како претседател на Советот и во таквите услови и амбиент Советот работел и функционирал, а тој се чуствувал како баланс помеѓу колегите, помеѓу сите реални проблеми во тековното работење и дека дал се од себе, тоа било негова перцепција и дали ќе се сложеле со тоа секој индивидуално нека оценел. Имајќи во предвид дека Советот во текот на вчерашниот ден официјално ја добил пресуда од Управниот суд со која што се поништува одлуката за разрешување на претходната претседателка, потенцираше дека неговиот избор за претседател на Советот воопшто не бил предмет на оваа пресуда и на оваа постапка, бидејќи во јавноста се пласирале секакви информации, дека бил поништен изборот на овој претседател, како резултат на оваа постапка, дека бил нелигитимен изборот на претседател и многу тези кои се слушале деновиве во медиумите, но добро било тоа што пресудата била објавена во јавност и можело добро да се процени. Потенцираше дека со ова одлука е поништено решението со кое претходната претседателка е разрешена, а решението со кое тој бил избран не било поништено. Наведе дека немал притисоци или влијанија во неговото работење, ниту пак дозволил да има било какви влијанија или притисоци и дека совесно, професионално и одговорно го преставувал и работел за Советот како претседател, наведе дека е убеден дека можеле многу повеќе, но времето ќе покажело какви резултати постигнале и како работеле. Се заблагодари на довербата, а од друга страна наведе дека очекува Советот да продолжи континуирано да работи и со сите предизвици да се носи во иднина.

Ханиф Зендели – заменик претседателот на Советот наведе дека имал особена чест што работел со Сашко Георгиев како претседател во изминатиот период, а со оглед дека има барање од претседателот на Советот кое преставува личен чин констатираше дека е донесена

О Д Л У К А

Се констатира престанок на мандатот на претседател на Судскиот совет на Република северна Македонија на Сашко Георгиев, по сопствено барање, сметано од 03.01.2024 година.

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето -03.01.2023 година.

***Точка 2 „ Постапување по одлука на Управен суд “.***

Ханиф Зендели – Заменик претседател по однос на втората  точка наведе дека до Советот е доставена пресудата на Управниот суд У-5.бр.618/23 од 14.12.2023 година, со која тужбата на Весна Даемва  е уважена и е поништена Одлуката на Судскиот совет бр.02- 934/1 од 04.05.2023 година, со која Весна Дамева е разрешена од функцијата претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија, поради што констатираше дека е донесена

О Д Л УК А

Се констатира  дека одлуката за избор на Претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.02-2072/1 од 05.12.2022 година, со која за претседател на Претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија е избрана Весна Дамева- член на Претседател на Судскиот совет на Република Северна Македонија, ОСТАНУВА ВО СИЛА.

**Точка 3  „Разно “**

Со оглед дека никој од членовите на Советот не се јави за збор по однос на третата точка од Дневниот ред,  Заменик претседателот на Советот костатираше дека седницата заврши во 15:25 часот.

Напомена: Тонскиот запис и Листингот со резултатите од гласањето се составен дел на овој записник**.**

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS**
**SË MAQEDONISË SË VERIUT**
**Заменик претседател - Zëvendës Kryetar**
**Hanif Zendeli**

Изработил, Анита Андоноска- Државен советник
Одобрил, Весна Толева- ВД Генерален секретар